АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE E
MENAXHIMIT TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Ул. "Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 – Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr. "Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 – Shkup
Numri i telefonit: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-1164/19
24-09-2021 20 год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 4 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**12596/2021** Директорот на Друштвото донесе:

# О Д Л У К А

**за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр.12596/2021 за Тековно и инвестиционо одржување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на Отворена постапка со електронска аукција за Тековно и инвестиционо одржување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН (понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните цени на пазарот).

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката да ги извести учесниците во постапката за Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка за причините за поништување на постапката и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

## Образложение

По извршената евалуација на единствената пристигната групна понуда( за Дел1 и Дел 2) од Друштво за производство, трговија,посредување и услуги БАПАЛ Благоја ДООЕЛ со Друштвото за посредување,трговија и услуги ДОН ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје и врз основа на проверка на финансиските понуди во поглед на цените за Тековно и инвестиционо одржување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје по оглас за јн.бр. **12596/2021** од Комисијата за јавни набавки е констатирано следново:

Понудените поединечни цени не се во согласност и се понеповолни од реалните цени на пазарот, а за што се има произнесено и Секторот за стопанисување со деловен простор кој е барател на набавката, поради што следуваше Комисијата за јавни набавки да не ја прифати доставената понуда.

Ул. "Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 – Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr. "Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 – Shkup
Numri i telefonit: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Врз основа на погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **десет** дена од денот на приемот на одлуката за поништување на постапката до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**Доставено до:**
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Сектор за стопанисување со деловен простор
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива

Изготвил: Јанко Михајловски
Контролирал: Анета Тодоровска
Одобриле: Кирил Ѓорѓов